**Република Северна Македонија**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА**
Бр. 05-1967/1
28. 03. 2019 2019 година
Скопје

Врз основа на член 28 став 1 од Законот за јавни набавки (Службен весник на Република Македонија" бр. 136/07, 130/08, 97/10, 53/11, 185/11, 15/13, 148/13, 160/13, 28/14, 43/14, 130/14, 180/14, 78/15, 192/15, 27/16, 120/16 и 165/17) и член 49 став (1) и член 55 став (1) од Законот за организација и работа на органите на државната управа (Службен весник на РМ бр.58/00, 44/02, 82/08, 167/2010 и 51/2011), по овластување на министерот за правда заменик Министерот за правда Оливер Ристовски донесе

# ОДЛУКА

за набавка на услуга за осигурување за потребите на Министерство за правда за период од една година

1. Предмет на договор за јавна набавка е набавка на услуга за осигурување за потребите на Министерство за правда за период од една година.
Детален опис на предметот на набавката е даден во техничката спецификација во тендерска документација.

2. За реализација на оваа набавка потребни се средства во износ до 600.000,00 денари без вклучен ДДВ.
Средства се обезбедени во Буџетот на Република Македонија за 2019 година, а плаќањето ќе се врши од редовна буџетска сметка на Министерството за правда 637, програма 10-администрација, ставка 425- Договорни услуги.

3. Јавната набавка од точката 1 на оваа одлука, да се изврши со постапка со барање за прибирање на понуди согласно член 100 став 3 алинеа 2 од Законот за јавни набавки со објавување на оглас за доделување на договор за јавна набавка, која ќе се спроведе преку Електронскиот систем за јавни набавки (ЕСЈН), со спроведување на електронска аукција (Е-Аукција), согласно Законот за јавни набавки ("Службен весник на Република Македонија" бр. 136/07, 130/08, 97/10, 53/11, 185/11, 15/13, 148/13, 160/13, 28/14, 43/14, 130/14, 180/14, 78/15, 192/15, 27/16, 120/16 и 165/17).

4. Критериум за избор на најповолен понудувач да биде: **најниска цена.**

5. За спроведување на постапката од оваа одлука се формира комисијата за јавни набавки следниот состав:

- Претседател на комисија : Петар Мирковиќ
- Заменик претседател: Никола Бабановски
- Членови: Насер Ќамили
  Мира Димишковска
- Заменици членови: Александар Тодоровски
  Алтнка Георгииева

6. Се задолжува Комисијата за јавни набавки од точката 5 да ја спроведат оваа одлука, согласно Законот за јавни набавки.

7. Одлуката влегува во сила од денот на донесувањето.

Доставено до:
- Комисија за јавни набавки
- Сектор за финансиски прашања

МИНИСТЕР ЗА ПРАВДА

По овластување на Министер за правда
Заменик Министер
Оливер Ристовски

Подготвил: Марина Миновска, Советник
Контролирал: Маја Стефковска Панева, Раководител на одделение